


F421




03/2013

# F421 **Knauf Nivellierspachtel 415**

## Фина глет и нивелирачка маса за порамнување

### Материјал

**Состав на материјалот:**
Кнауф Nivellierspachtel 415 е фабрички подготвен сув малтер на база на високопритисен гипс, збогатен со синтетички и минерални додатоци. Материјалот е готов за примена.

**Податоци за нарачка**
Вреќа 25 кг

**Бр. на производот**
00005696

**Складирање**
Околу 6 месеци, на суво.

**Потрошувачка на материјал**
По mm дебелина на слој околу 1,6 kg/m$^2$

**Дебелина на слојот:**
до 15 mm.

### Подрачје на примена

Nivellierspachtel 415 се применува како фина самонивелирачка маса за изедначување на нерамни подлоги, за глетување на слоеви со дебелина од 5 mm, а како маса за нивелирање до дебелина на слојот околу 15 mm.
Отпорност на тркалца од столица од 2 mm дебелина на слојот.
Кнауф Nivellierspachtel 415 е посебно погодна маса за глетување на подлоги од гипсен сув естрих, Vidifloor елементи, Кнауф Brio, калциум-сулфатен естрих како и Кнауф течниот естрих од гипс и сув цементен естрих. Слојот на масата за глетување е погоден за вообичаени внатрешни подни облоги, освен за комерцијално користење на влажни и мокри простории.
Кај просечни дебелини на слоевите од 15 mm, се препорачува примена на Nivellierspachtel 425 поради економичноста.
Како подлога под бродски под се препорачува Кнауф Fliessspachtel.

### Карактеристики

- Брзо се стврднува
- Брзо се суши
- Течен, самонивелирачки
- Дебелина на слоеви до 15 mm
- Речиси да не менува волумен
- Идеално за гипсени подлоги
- Применлив на сув естрих
- Можност за машинска обработка
- Отпорност на тркалца на столица кај дебелината на слојот од 2 mm
- Податоци за цврстината после 28 дена:
  - Цврстина на притисок
  - Цврстина на свиткување
  - Тврдост

# F421 Knauf Nivellierspachtel 415

**Фина глет и нивелирачка маса за порамнување**

## Обработка

**Подлога**
Подлогата мора да биде сува, постојана, без пукнатини, цврста, без осцилации и чиста (без прашина, исчистена од восок, масло, бои и сл.). Кај нанесувањето на масата на површината со подно греење треба да се работи со подно греење, односно подлогата треба да има нормална температура во просторијата.

**Обработка на подлогата**
Подлогата треба задолжително да се грундира, импрегнира:
- Кај нормално впивачки подлоги (на пр. Кнауф течен естрих): еднократно основен премаз Кнауф Estrichgrund, разреден со вода (1 волуменски дел Estrichgrund, 1 волуменски дел вода),
- Кај силно впивачки подлоги: двократно основен премаз Кнауф Estrichgrund, разреден со вода (1 слој премаз: 1 волуменски дел Estrichgrund, 2 волуменски дела вода; 2 слој премаз: 1 волуменски дел Estrichgrund, 1 волуменски дел вода)
- Кнауф Brio сув естрих: еднократно основен премаз Кнауф Estrichgrund, разреден со вода (1 волуменски дел Estrichgrund, 1 волуменски дел вода),
- Кај невпивачки подлоги и подлоги со слаба моќ на впивање (на пр. керамички плочки): еднократно основен премаз Кнауф Haftemulsion, разреден со вода (1 волуменски дел Haftemulsion, 2 волуменски дел вода).

За подготовка да се користи чист сад. 1 вреќа Кнауф Nivellierspachtel 415 се сипува во околу 6,5 литри чиста вода и се меша по можност со мало учество на воздух, додека не се постигне рамномерна течна маса без грутки. Кај нанесувањето на дебели слоеви се препорачува употреба на помали количини вода при мешањето (од 5 mm околу 6,2 литри).

**Време на обработка**
Подготвената маса треба да се обработи за време на околу 30 минути.

**Машинска обработка**
Кај примената на големи површини се користи машинска PFT пумпа за мешање G4/G5 со пумпа од 30 литри. Треба да се избегнува подолго стоење на машината, да се контролира пополнетоста на инката, рамномерниот тек на материјал и да се внимава на константната густина на масата за израмнување.

**Густина**
Регулацијата на погодната густина на смесата кај машинската обработка се врши со помош на сад за проверка на густината: макс. дијаметар за тенкослојно нанесување изнесува 60 cm, со пораст на дебелината на слојот дијаметарот треба да се намалува до околу 55 cm (испитување на густината со PFT сад од 1,3 литри на рамна невпивачка подлога, на пр. PE фолија, после 2 минути течење.

**Подготвеност на подлогата**
Можност на одење по површината: најрано после 3 часа кај дебелина на слојот од 2 mm. Подготвеноста на подлогата при добра проветреност кај дебелина на слојот од 2 mm најрано после 2 дена, кај дебелина на слојот од 10 mm околу 8 дена (податоци добиени при климатски услови од 20°C/ 65% релативна влажност на воздухот).
Кај дебелослојните израмнувања на подлогите, односни пред полагањето на густите облоги (полиолефин и каучук облога мин. дебелина 5 mm) или паркет потребно е да се почека додека подлогата потполно се исуши.
Кај преостанатата влага (да се испита со CM апарат)
Паропропусна облога
≤1,0%
Паронепропусна облога, паркет
≤0,5%

**Упатство**
Отстранување на претечениот материјал. Претечениот материјал Nivellierspachtel 415 да се омекне со додавање на вода и потоа според прописите да се отстрани.

## Спецификација

| Позиција | Опис | Количина | | Единечна цена | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| ...... | **Reinigen des Untergrundes**<br>Чистење на подлогата од груби нечистотии,<br>Вид/Обем на нечистотија................................ | .......... | m² | .......... ден. | .......... ден. |
| ...... | **Врзивен мост**<br>Нанесувањето на врзивниот мост на естрихот,<br>Врзивен мост како синтетичка дисперзија без средства за растворување,<br>Потрошувачка околу 200 g/m²<br>Производ: Кнауф Estrichgrund 431 | .......... | m² | .......... ден. | .......... ден. |
| ...... | **Израмнување на нерамнини/ глетување на цела површина***<br>Израмнување на нерамнини на подлогата/глетување на целата површина* на подлогата изработена од естрих / калциум-сулфатен естрих / сув естрих*<br>Отпорна на тркалцата на столици*,<br>Дебелина во mm:................................<br>Производ: Кнауф Nivellierspachtel 415 F421 | .......... | m² | .......... ден. | .......... ден. |

**Непотребно да се прецрта*

Вкупно ............... ден.